# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.05 од 14.01.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), во членот 16 став (1) алинеја 7 зборовите: „или Аптис," се бришат.

**Член 2**

Во членот 23 по ставот (9) се додава нов став (10), кој гласи:
„(10) По исклучок од ставот (9) на овој член во случај на избор на преодна Влада согласно со членот 43 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15), мандатот на секретарот продолжува до истекот на мандатот на преодната Влада."

**Член 3**

Во членот 24 став (2) точка г) алинеи 1 и 2, во членот 25 став (2) точка г) и во членот 26 став (2) точка г) зборовите: „или Аптис," се бришат.

**Член 4**

Во членот 39 став (9) зборовите: „АПТИС (APTIS)," се бришат.

**Член 5**

Во членот 73 точка 26 сврзникот „и" се заменува со точка и запирка.
Во точката 27 точката се заменува со точка и заприка.
По точката 27 се додаваат 3 нови точки 28, 29 и 30, кои гласат:
„28) во управна постапка не бара докази и податоци по службена должност во рокот утврден со закон;
29) во управна постапка не доставува докази и податоци кои се побарани по службена должност во рокот утврден со закон и
30) не ги решава предметите во управна постапка во рокот утврден со закон."

**Член 6**

По членот 104 се додава нов член 104-а, кој гласи:

**„Член 104-а**

На државните секретари именувани, односно назначени до денот на влегувањето во сила на овој закон им продолжува мандатот до истекот на мандатот на преодната Влада избрана согласно со членот 43 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14 и 196/15).

**Член 7**

По завршување на оценувањето на административните службеници во 2015 година нема да се донесува решение за реализирање на мерките за одличен и слаб ефект согласно со членот 68 став (6) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15 и 154/15).

**Член 8**

Одредбите од членот 5 од овој закон со кој се менува и дополнува членот 73 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15 и 154/15) ќе се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 9**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".